Врз основа на член 172 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот во Тетово; како и во согласност со членот 144 од Статутот на Универзитетот во Тетово, се објавува

# К О Н К У Р С

за избор на наставници во сите наставно-научни звања
на Универзитетот во Тетово

Се објавува Конкурс за избор на наставници во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети на Универзитетот во Тетово:

## ФАКУЛТЕТ НА УМЕТНОСТИ

1. Еден наставник за предметите:
   - Цртеж
   - Цртеж со сликање

**Услови за наставно-научно звање по стручно-уметнички предмети доцент, вонреден, и редовен професор:**

• одлука за избор во наставно-научно звање од компетентен орган, доколку има;
• диплома за научното звање магистер по науки од научната област во која се избира;
• кандидатите кои конкурираат треба да имаат континуитет во студиите од соодветната област;
• список за објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите);
• кратка биографија (CV);
• да го приложи магистерскиот труд;
• потврда за познавање странски јазик;
• познавање на албанскиот јазик – пишување и читање;
• извод од матичната книга на родените;
• уверение за државјанство.

*Кандидатите треба да ги исполнуваат условите за избор во наставно-научно звање по стручно-уметнички предмети, предвидени со член 167 од Законот за високото образование.

*Пријавата со потребните документи кандидатите треба да ја достават во рок од 5 работни дена, од денот на објавувањето на Конкурсот, во Архивата при Ректоратот на Универзитетот во Тетово, на адреса: Ректорат на Универзитет во Тетово, ул. Илинденска, б.б. Тетово.

**Универзитет во Тетово**